**Стратегија за локален економски развој 2023-2027**

# ОПШТИНА КРУШЕВО

***Општина со еколошки чиста и здрава средина , препознатлива дестинација со разнообразна туристичка понуда преку цела година. Крушево е посакувано еколошко место за живеење, град на историја, традиција и култура, развиени мали бизниси и рурален развој.***



**Јули 2023 година**

# Содржина

Предговор од градоначалникот ... 3

1.Извршно резиме ... 4

2. Листа на кратенки ... 4

3.Вовед во стратегијата ... 5

4.Процес на изработка на стратегијата за локален економски развој ... 5

5.Локална економска анализа ... 6

5.1 Анализа на локалната економска структура ... 6

5.2 Локална соработка и вмрежување ... 13

5.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција ... 15

5.4 Пристап до финансии ... 16

5.5 Земјиште и инфраструктура ... 17

5.6 Регулаторна и институционална рамка ... 19

5.7 Вештини, човечки ресурси, инклузивност ... 20

5.8 Надворешно позиционирање и маркетинг ... 24

6. SWOT Анализа ... 25

7. Визија и стратешки цели ... 27

8. Акциски план ... 28

9. Шема на финансирање ... 33

# Предговор од градоначалникот

Работата на локалната самоуправа никогаш не сопира, посебно кога се работи за општина каква што е Крушево, која е карактеристична по големата територија, големиот број населени места, но мал број на население. Општините со Законот за локална самоуправа од 2002 година, имаат надлежност и  улога да го водат и спроведуваат планирањето на локалниот економски развој, покрај приватниот сектор како главен двигател на локалниот економски развој.

Со оваа Стратегија за ЛЕР на Општина Крушево се утврдуваат развојните приоритети во областа на Локалниот економски развој во периодот на 2023 – 2027 година. Активностите предвидени со оваа стртатегија претставува дефиниран збир на проекти кои ќе бидат насочени кон континуиран одржлив развој и подобрување на животниот стандард на жителите на општина Крушево, создавање на услови за поттикнување на локалниот економски развој, поддршка на проекти и активности кои придонесуваат за подобрување на локалниот и руралниот развој и меѓуопштинска и меѓународна соработка.

Не сакајќи да  се запре само на изработката на стратешкиот документ а со цел да се задржи позитивниот момент на ентузијазам и ангажираност на учесниците,   работната група, визијата и стратешките цели  за развој на општината ги преточи во соодветни проекти  и истите ќе бидат детално разработени во рамките на процесот на акционото планирање.

Преку имлементација на Стратегијата ќе се реализираат голем број на проекти во насока на подобрување на понудата на Општина Крушево како дестинација за активен туризам, развој на локалната економија преку подобрување на општите услови за развој и подобрување на инфраструктурата и подготовка на јавните објекти за подобра искористеност кон гореспоменатите цели, континуиран развој на капацитетите на Општина Крушево за привлекување инвестиции, намалување на невработеноста преку развој и реализација на проекти, промоција на општината, активна имплементација на добиените и аплицирање на нови проекти од домашни и меѓународни фондови, следење и имплементација на стратегиите за развој на Општина Крушево и останатите стратешки документи, динамичен локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции и овозможување добра бизнис клима за развој на јавните приватни партнерства. Континуирано подобрување на енергетската ефикасност. Зајакнување на административните капацитети за стандарди, обуки и тренинзи за имплементација на проекти. Зајакнување на капацитетите за бизнис и туристичка промоција на општината на домашен и меѓународен план.

Почитувани членови на Советот на општина Крушево, Ви ја предлагам оваа Стратегија за локален економски развој за период од 2023-2027 година како водилка во локалниот економски развој на општината и истиот молам да го усвоите и со тоа да направиме уште еден чекор кон фокусирање, мобилизирање и искористувањето на сопствените ресурси во целокупниот развој на на шата општина.

Ваквата долгорочна стратегија ја подготвивме со помош на Американската агенција за развој – USAID, преку вклученоста во проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“.

**Градоначалник на**
**Општина Крушево**
**Томе Христоски**

# 1.Извршно резиме

Општина Крушево е една од општините кои се вклучени во третата група локални самоуправи во кои се спроведува проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“, под покровителство на УСАИД. Една од активностите при имплементацијата на овој проект е токму поддршката при изготвувањето или ажурирањето на Плановите / Стратегиите за локален економски развој.

Стратегијата за ЛЕР на Општина Крушево се однесува на четиригодишниот период т.е 2023 – 2027 година и е самостоен стратешки документ кој е насочен кон локален економски развој на општината, а истиот е изработен од одделението за локален економски развој во соработка со претставници од НВО и бизнис секторот.

Во процесот на изработка на Стратегијата за локален економски развој направена е анализа на локалната економија и изготвена е SWOT анализа на општината, дефинирана е визијата, стратешките цели од кои произлезе и акциониот план со предложени активности.

Визијата која сакаме да ја исполниме ќе се оствари преку поставените стратешки цели кои произлегуваат од реалната ситуација, можностите и ресурсите кои ги нуди Општина Крушево, акциониот план со предложени активности но секако и од направената SWOT анализа.

Изработувајќи ја SWOT анализата утврдивме дека она што треба да се искористи и максимално да се стави во функција на локалениот економски развој на Општина Крушево е добрата географска поставеност и ресурсите со кои располагаме, а се клучни не само за нашиот регион туку воопшто и за целата наша држава. Најголеми недостатоци кои ги има Општина Крушево се во делот на отселувањето на населението како најголем проблем со кој се соочуваме насекаде низ државата, не само кај нас, потоа загадувањето, инфраструктурните и урбанистичките проблеми на кои значително треба да се работи во наредниот четиригодишен период.

# 2. Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| **ЛЕР** | Локален економски развој |
| **УСАИД** | Американска агенција за меѓународен развој |
| **МСП** | Мали и средни претпријатија |
| **SWOT** | S – strength (предност )<br>W – weaknesses (слабости)<br>O – opportunities (можности)<br>T – threats (закани) |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЛАГ** | Локална акциона група |
| **НВО** | Невладини организации |
| **ЗГ** | Здружение на граѓани |
| **АВРСМ** | Агенција за вработувањена Република Северна Македонија |
| **БДП** | Бруто домашен производ |

| | |
|---|---|
| **ИПАРД** | Програмана за претпристапна помош во земјоделството и руралниот развој |
| **ИПА ЦБЦ** | Програма за прекугранична соработка |
| **АФПЗРР** | Агенција за финансиска поддршка на земјоделството ируралниот развој |
| **БРР** | Биро за регионален развој |
| **ЦРППР** | Центар за развој на пелагониски плански регион |

# 3.Вовед во стратегијата

Локалниот економски развој е од исклучително значење за развојот на општината. Во текот на последните две декади сведоци сме на спроведување процес на децентрализација на надлежностите од централната на локалните власти. Главна економска цел на реформата е поголем обем и квалитет на јавните услуги на локално ниво.

Локалниот економски развој претставува сложен концепт кој се однесува на активностите и политиките што треба да ги преземе општината за да го стимулира економскиот развој на својата територија. Егзистирањето на општините во современи услови не може да се замисли без спроведување на локален економски развој, а успешното реализирање на концептот на ЛЕР подразбира создавање поволна клима за деловни активности и инвестирање.

Токму затоа секоја општина треба да има ажуриран и тековен План/Стратегија за ЛЕР преку кој ќе ги спроведува сите активности како еден дефиниран збир на проекти кои ќе бидат насочени кон континуиран одржлив развој и подобрување на животниот стандард на жителите на општина Крушево: создавање на услови за потикнување на локалниот економски развој, поддршка на проекти и активности кои придонесуваат за подобрување на локалниот и руралниот развој и меѓуопштинска и меѓународна соработка и др.

Оваа нова Стратегија за Локален економски развој на Општина Крушево за периодот 2023 – 2027 година е целосно нов документ кој е развиен самостојно со поддршка и насоки на експертот ангажиран од страна на УСАИД преку проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“.

Во изработката на овој документ покрај вработените од одделението за комунални дејности, урбанизам, заштита на животна средина и одделението за локален економски развој беа вклучени невладиниот сектор, граѓаните но и бизнис секторот. На тој начин успеавме да обезбедиме еднаква застапеност во консултациите и процесот на донесување на одлуки во целокупниот процес, исполнувајќи ја мисијата на проектот на УСАИД за поголема транспарентност и отчетност на локалните самоуправи и воопшто на државните институции но секако и одговорноста на жителите на Општина Крушево.

# 4.Процес на изработка на стратегијата за локален економски развој

Стратегијата за локален економски развој (ЛЕР) е изготвена врз основа на методологијата развиена од страна на проектот Градоначалници за економски раст (M4EG) финансиран од ЕУ и спроведен во Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина.

Главни карактеристика на оваа методологија е тоа што се заснова на неколку структурни елементи:

- Регулаторна и институционална рамка
- Вештини, човечки ресурси, инклузивност
- Надворешно позиционирање и маркетинг
- Пристап до финансии
- Земјиште и инфраструктура
- Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција
- Локална соработка и вмрежување, кои претставуваат основа за анализа на локалната економија.

Друга особеност на оваа методологија е што го истакнува принципот на активно учество на засегнатите страни и е насочена кон изработка на документ кој се фокусира на економскиот развој, без сеопфатно вклучување на културата, здравството, социјалата и други аспекти на развојот во целина. Исто така методологијата предвидува изработка на јасен, концизен и практичен документ, во кои се дефинирани реални, изводливи активности кои треба да придонесат во остварување на целите и визијата на општината.

На подготовката на Стратегија за Локален економски развој на Општина Крушево за периодот 2023 – 2027 година и претходеа четири дводневни работилници организирани од УСАИД во периодот 2023 – 2024 година на кои работевме на начинот на изработка, пополнување на прирачници, прибирање податоци за локалната економија, средствата за финансирање, изработка на стратешки цели и приоритети, визија на Општина Крушево, изработка на SWOT анализа, подготовка на акционен план и слично.

При изработката на оваа локална стратегија за економски развој, бизнис заедницата беше повикана активно да се вклучи со свои видувања и предлози, но заинтересираноста од нивна стана не беше голема. Поради тоа, Општина Крушево пристапи до нив на поинаков начин.

# 5.Локална економска анализа

## 5.1 Анализа на локалната економска структура

Општината Крушево се простира на југозападниот дел од Република Северна Македонија. Во рамките на општината градот Крушево има централна местоположба и претставува административен, економски и културен центар на општината. Тој се наоѓа на надморска височина од 1250 м, со што претставува град со највисока надморска височина на Балканот. Општината Крушево е сместена во претежно ридско-планинско подрачје на надморска височина од 600 до 1800 м. Општина Крушево е распространета на ридско-планиски дел, при што ридскиот дел зафаќа 44%, а планинскиот дел 56% од вкупната површина од 201 км$^2$.




Обработливата површина зафаќа 6199 ха, или 72 % од вкупната земјоделска површина.

Соседни општини се Кривогаштани и Долнени на исток, Македонски Брод и Пласница на север, Другово на запад, Демир Хисар на југозапад и Могила на југ.

Градот Крушево е 163 км оддалечен од главниот град Скопје и се пристигнува за 2 часа и 43 минути, скопскиот аеродром  Алксандар Велики е оддалечен 143км и се пристигнува за 2 часа и 16 минути додека аеродрмот Св Апостол Павле во Охрид е оддалечн 100км и се пристигнува за 1 час и 49 минути.

Во општината, со пописот на населението, домаќинствата и становите од 2021година утврдено е следното население:

| | |
|---|---|
| Вкупно | 8385 жители |

Вкупно население по возрасни групи и по пол :

| Возрасна група | вкупно | мажи | жени |
|---|---|---|---|
| 0-4 | 400 | 210 | 190 |
| 5-9 | 506 | 272 | 234 |
| 10-14 | 516 | 261 | 255 |
| 15-19 | 471 | 262 | 209 |
| 20-24 | 503 | 270 | 233 |
| 25-29 | 522 | 274 | 248 |
| 30-34 | 536 | 295 | 241 |
| 35-39 | 481 | 228 | 253 |
| 40-44 | 551 | 281 | 270 |
| 45-49 | 568 | 293 | 275 |
| 50-54 | 528 | 273 | 255 |
| 55-59 | 626 | 325 | 301 |
| 60-64 | 544 | 279 | 265 |
| 65-69 | 571 | 261 | 310 |
| 70-74 | 434 | 226 | 208 |
| 75-79 | 301 | 133 | 168 |
| 80-84 | 193 | 77 | 116 |
| 85+ | 134 | 56 | 78 |

Според пописот од 2021 год. општина Крушево го има следното население по етничка припадност:

| Национална структура | Број | % |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Македонци | 4316 | 51,48 |
| Албанци | 2461 | 29,36 |
| Турци | 283 | 3,37 |
| Власи | 867 | 10,34 |
| Срби | 10 | 0,12 |
| Бошњаци | 108 | 1,28 |
| Роми | - | - |
| Останати | 340 | 4,05 |
| Вкупно | 8385 | 100 |

***Структура на населението според етничка припадност***




***Процент на урбано и рурално население***

| Вкупно | урбано | рурално |
|---|---|---|
| 8385 | 4104 | 4281 |
| 100% | 48.9 % | 51.1% |

Извор ДЗС 2023

***Просечна возраст на (поделена на машки/женски) во %***

| Возрасна група | вкупно | мажи | жени | вкупно% | Мажи% | жени% |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0-4 | 400 | 210 | 190 | 4.7 | 2.5 | 2.3 |
| 5-9 | 506 | 272 | 234 | 6.1 | 3.2 | 2.8 |
| 10-14 | 516 | 261 | 255 | 6.1 | 3.1 | 3 |
| 15-19 | 471 | 262 | 209 | 5.6 | 3.1 | 2.5 |
| 20-24 | 503 | 270 | 233 | 6 | 3.2 | 2.8 |
| 25-29 | 522 | 274 | 248 | 6.3 | 3.3 | 3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 30-34 | 536 | 295 | 241 | 6.4 | 3.5 | 2.9 |
| 35-39 | 481 | 228 | 253 | 5.7 | 2.7 | 3 |
| 40-44 | 551 | 281 | 270 | 6.6 | 3.4 | 3.2 |
| 45-49 | 568 | 293 | 275 | 6.8 | 3.5 | 3.3 |
| 50-54 | 528 | 273 | 255 | 6.4 | 3.3 | 3.1 |
| 55-59 | 626 | 325 | 301 | 7.4 | 3.9 | 3.5 |
| 60-64 | 544 | 279 | 265 | 6.5 | 3.3 | 3.2 |
| 65-69 | 571 | 261 | 310 | 6.8 | 3.1 | 3.7 |
| 70-74 | 434 | 226 | 208 | 5.1 | 2.7 | 2.4 |
| 75-79 | 301 | 133 | 168 | 3.6 | 1.6 | 2 |
| 80-84 | 193 | 77 | 116 | 2.3 | 0.9 | 1.4 |
| 85+ | 134 | 56 | 78 | 1.6 | 0.7 | 0.9 |

Извор попис 2021

Бројот на невработени лица (активни баратели на работа) изнесува 463 од кои 203 жени.(извор АВРМ) или 8,68 % невработеност од вкупниот број на работоспособно население (15+). Загрижува податокот за стапката на невработеност која ги опфаќа и оние лица кои не се активни баратели на работа, согласно презентираните податоци заклучно со 31.12.2023 година изнесува вкупно 929 лица и тоа во градот 390 и во село 539 лица, во тој случај стапката на невработенос изнесува 17,43%.

| Активно население вработени | | | Активно население невработени | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| 2335 | 1392 | 943 | 463 | 260 | 203 |

| Возрасна група | Активно население вработени | | | Активно население невработени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| 15-19 | 14 | 10 | 4 | 13 | 11 | 2 |
| 20-24 | 161 | 110 | 51 | 50 | 32 | 18 |
| 25-29 | 265 | 163 | 102 | 49 | 28 | 21 |
| 30-34 | 300 | 181 | 119 | 46 | 23 | 23 |
| 35-39 | 262 | 142 | 120 | 38 | 20 | 18 |
| 40-44 | 307 | 183 | 124 | 47 | 24 | 23 |
| 45-49 | 299 | 172 | 127 | 38 | 14 | 24 |
| 50-54 | 278 | 160 | 118 | 50 | 29 | 21 |
| 55-59 | 291 | 169 | 122 | 86 | 44 | 42 |
| 60-64 | 133 | 88 | 45 | 45 | 34 | 11 |
| 65+ | 25 | 14 | 11 | 1 | 1 | - |

Извор: АВРСМ

Миграциони трендови (прилив и одлив кон/од општината) од 2015-2022

| Отселени 2015-2022 | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| | 410 | 106 | 304 |

| Доселени 2015-2022 | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| | 147 | 36 | 111 |

Оштина Крушево  воспоставува целосно партенерство со УСАИД преку проектот ,,Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите,,.

Во општина Крушево постои Интегриран план за ЛЕР 2023-2027, со изготвувањето на Планот за локален економски развој се постигнува целта за учество во проектот на УСАИД ,,Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите,, кој не е сеопфатен и не го заменува постоечкиот план, неговиот фокус е тесно поставен на развојот на приватниот сектор за да се зголеми растот, развојот и вработеноста.

Изработката на овој стратешки документ во себе ги инкорпорира и соодветствува со документи и развојни планови  и од национален и регионален карактер:

1. НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ 2009-2030
2. СТРАТЕГИЈА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2021-2031
3. ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021-2026
4. ТРИГОДИШНИ РАЗВОЈНИ ПЛАНОВИ НА ОПШТИНАТА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ

Планот за Локален економски развој е развиен во партнерство со приватниот сектор, здружениа на граѓани, Советот на општина Крушево, Одделението за Локален економски развој и јавни претпријатија во надлежност на општина Крушево.

Стратешкото планирање само по себе нема да има ефект доколку носителите на локалниот развој и сите заинтересирани страни во сферата на локалниот економски развој во Општина Крушево не превземаат понатамошни активности за реализирање  на проектните идеи , односно нивно спроведување во целост.

Поради тоа , потребно е да се спроведат следните понатамошни активности:

1. Подготовка на проектната документација за финансирање на проектот;
2. Предвидување на средства во Буџетот на општина Крушево
3. Аплицирање и водење на преговори со донатори и инвеститори за учество во финансирањето на проектот;
4. Мобилизирање на граѓанскиот и бизнис секторот за поддршка и нивно вклучување во проектите.

Општина Крушево е една  од слабо развиените економски центри во државата со слабо искуство и традиција во развојот на индустријата. Според податоците обезбедени од Државнниот завод за статистика од 2021 година, на територијата на општината функционираат вкупно 186 активни претпријатија, односно за 20 компании помалку во однос на 2020 година. Се забележува намалување  на бројот на претпријатија во сите економски сектори. Посебно, бројот на претпријатија Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли за седум(7) помалку и претпријатија кои се занимаваат со други услужни дејности за единаесет(11) помалку. Има мало зголемување во бројот на претпријатија во дејноста објекти за сместување и сервисни дејности со храна за три (3) претпријатија.

Структурно, бројот на микро, мали, средни и големи претпријатија е следниот:
• 193 микро претпријатија

• 55 мали претпријатија
• 3 средни претпријатија

Средните претпријатија се главно од областа на преработувачката индустрија (2) тутунската и текстилната и едно (1) снабдување со вода, управување со отпад. Постои тенденција на зголемување на бројот на микро компании за сметка на малите и средни претпријатија. Бројот на средни компании од 50 до 250 вработени е константен во период од 2015 година до 2023 година. Туризмот е релативно добро развиен со 2 хотели, 1 мотел, 1 детско одморалиште и 15 ресторани- пицерии – ланџ барови. Во општината има и 69 приватни сместувачки капацитети со 610 легла. 193 микро бизниси се фокусирани на услуги за населението. Во општината има Здравствен дом со 46 вработени, 2 приватни здравствени установи и 2 приватни стоматолошки ординации. ИТ секторот е слабо развиен со 1 микро претпријатие, 193 микро претпријатија се главно од услужната дејност, продажба на колонијални производи, трговци поединци, додека 13 мали претпријатија се од дрвната и градежната индустрија. Правните услуги се покриени со 3 микро бизниси. Собирањето и управувањето со отпадот е добро организирано и е управувано од 1 средно претпријатие. Со културното наследство стопанисуваат 3 културни институции.

Според индексот на Бруто производ, износот на производството расте. Зголемување има во сите економски сектори во општината. Најголем раст има во следните области: „Хотели, приватно сместување и ресторани“ (31,7 %) ) и „Преработувачка индустрија – откуп и преработка на тутун“ (16,1 %), текстилната (11,3%), производство на столарија (10,5%) и производство на композитни производи (10,3%). Горенаведените податоци потврдуваат дека во општината е задржана тенденцијата кон постојан пораст туристичката понуда и преработувачката индустрија.



Најразвиени сектори се хотели,приватно сместување и ресторани и преработувачката индустрија.

Моментално најефикасната локална компанија судејќи според нејзиниот годишен обрт и профитот е дооел „Секе„ од тутунска индустрија која има 230 вработени.

Носечка фирма во хотелиерството е дооел Специјал Градба – Скопје која е сопственик на подружниците хотел „Панорама Спа„ и „Ски центар Панорама„ Крушево кои имаат 22 вработени и хотел Монтана Бизнис Крушево која има 24 вработени. Овие компании во голема мера се потпираат на локални добавувачи и ресурси додека го гради својот ланес на вредности.

Алтернативни форми на туризам (параглајдерството, змајарство) се препознаени како типични или уникатни за општината.

Вработеноста е пониска во однос на националниот просек за околу 3% додека е приближно иста со општините со слична големана, платите се доста пониски во однос со националниот просек и во однос на општините со слична големина.

**Прирачник2: Локална економска анализа - презентирање на компаниите од приватниот сектор**

| **Вид на економска активност** | **Број и % на компании(според класификација)** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Микро** | **Мали** | **Средни** | **Големи** |
| Индустриско производство | | | | |
| Земјоделство 1,94% | 5 | | | |
| Преработувачка индустрија 7,78% | | 18 | 2 | |
| Трговија 21,01% | 53 | 1 | | |
| Бизнис услуги (обука, консалтинг, истражување на пазар, реклама, издавачка дејност, односи со јавноста (PR) | | | | |
| Финансиски услуги 0,38% | | 1 | | |
| Медицински услуги 1,55% | 4 | | | |
| Правни услуги (нотари, адвокати) 1,17% | 3 | | | |
| Услуги за населението (фризерници, перални, поправка на автомобили, други сервиси, итн.) 3,11% | 8 | | | |
| Ресторани, кафулиња, барови итн. 8,17% | 16 | 5 | | |
| Хотели, хостели, приватно сместување итн. 28,4% | 69 | 4 | | |
| ИТ услуги 0,39% | 1 | | | |
| Транспорт 9,33% | 20 | 4 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Градежништво 3,11% | | 8 | | |
| Комуникациски услуги 1,94% | 5 | | | |
| Креативни услуги (дизајн, фотографија, видеографија, вебдизајн, социјалнимедиуми, настани) | | | | |
| Снабдување со вода, управување со отпад 0,39% | | | 1 | |
| Туризам | | | | |
| Културно наследство | | | | |
| Стручни, научни и технички дејности 3,5% | 9 | | | |

| **СИЛНИ СТРАНИ** | **СЛАБИ СТРАНИ** |
|---|---|
| 1. Туризмот, туристичката понуда | 1. Голем број на микро претпријатија на сметка на мали и средни претпријатија |
| 2. Добри - поволни услови за инвеститори (инфраструктура, објекти, индустриска зона) | 2. Висока стапка на невработеност |
| 3. Мала функционална општина, лесно достапни услуги за граѓаните, посетителите. | 3. Немање на соодветен кадар за потребата на пазарот на трудот (потреба од прекфалификација и доквалификација) |

## 5.2 Локална соработка и вмрежување

Соработката меѓу бизнисите е релативно слаба, за што показател е не постоењето на бизнис асоцијации и здруженија. Постои здружување на туристичките работници во Здружението за угостителство и туризам но за жал неговата функционалност е сведена на одржување на состаноци по потреба и присуство на работилници организирани од страна на надворешни туристички асоцијации или општината, нема никаква проактивност. Постои регионалната стопанска комора, ваквата поставеност не ги задоволуваат очекувањата на локалниот бизнис. Во Здружението за туризам и угостителство членуваат 50 хотели, приватени издаватели на соби и ресторани, главно фокусирани на промотивни активности. ЛАГ Агро Лидер е институција во која членуваат девет општини и регионално соработуваат. ЛАГ Агро Лидер промовира и придонесува кон одржлив рурален развој преку иницијативи,партнерства и користење на постоечкиот ендоген потенцијал. Фокусирани се на позитивните еколошки, социјални и демографски трендови, мрежна соработка, формирање и учество на граѓански платформи и зајакнување на солидарноста меѓу граѓаните и невладините организации во унапредување на политиките за рурален развој.

Постои практика на одржување на средби на градоначалникот со сите деловни организации на кои се разговара за потребата од подобрување на општинските услуги, потенцијалните финансиски извори на финансирање и зајакнување на имицот на

општината како атрактивно место за живеење, работа и инвестирање. Овие средби повеќе се доживуваат како политичка иницијатива отколку како вистинска соработка. Дефинитивна потреба за соработка со одделението за ЛЕР во општината постои, но без конкретни активности. Одделението за ЛЕР на општината нема воспоставен канал за комуникација со бизнис заедницата.

Општина Крушево припаѓа на Пелагонискиот плански регион и има одлична соработка, преку планскиот регион реализирани се повеќе проекти воглавно инфраструктурни и набавка на опрема кои индирекно допринесуваат за развој на економијата, преку оваа институција постои соработка помеѓу општините членки на Пелагониски планскиот регион. Проектите за прекугранична соработка кои ги има добиено општината во периодот од 2008 до 2022 година, вкупно три на број во висина од 450 илјади евра исто така индирекно имаат голем допринос во развојот на локалнта економија.

## Прирачник 3: Локална соработкаи вмрежување

| Форма, област/тема за која се однесува (на пример Здружение за ИТ, Кластер за туризам, ЛАГ, локален економски совет, средби на градоначалник со бизнис, итн.) | Институции/ Вклучени лица | Постигнувања (наведете како функционира – на пр. спроведува проекти, дава услуги, дали соработката е трајна или привремена, итн.) | Оценка: корисна или некорисна |
|---|---|---|---|
| Здружение за туризам и угостителство | - педесет туристички капацитети | - привремена соработка<br><br>- нама активност | некорисна |
| Регионални стопански комори | - непознато | - нама соработка<br><br>- нама активност | некорисна |
| ЛАГ Агро Лидер | - девет општини | - спроведување на проекти | корисна |

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| 1. Мала општина, полесно може да се постигне локална соработка и вмрежување на бизнисите | 1. Мал број на бизнис асоцијации и здруженија |
| 2. Постоење на одделение за ЛЕР во општината кое иницира алатки за локална соработка и вмрежување на бизнисите | 2. Пасивна бизнис заедница |

## 5.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција

На Одделението за ЛЕР на општината му недостасува искуство во проактивно обезбедување информации и деловни услуги за бизнисите. Тие обично реагираат на различни барања и работат со фирмите поединечно, што создава впечаток дека ги фаворизираат оние со кои се блиски. Општината е во процес на создавање на електронски деловен билтен за да се подобри комуникацијата со стопанствениците и да се обезбедат навремени информации за сите. Освен неколку средби на градоначалникот со деловните организации, нема друга форма на соработка за подобрување на деловното опкружување врз основа на потребите на бизнисот. Информациите за национални програми или донаторски програми за поддршка на бизнисот се нередовни и не можат да се најдат на веб-страницата на општината.

Општина Крушево преку одделението за ЛЕР остварува контакти со бизнис заедницата и со нови млади претприемачи по нивно барање на кои им се презентираат можностите за инвестирање и за отворање на нови бизниси на територијата на општината. Во соработка со АВРСМ се врши презентација на нивните програми за самовработување и отворање на микро бизниси.

Сите тендери организирани од страна општинската администрација се објавени на веб-страницата и на отворањето на понудите може да учествува секој заинтересиран. Состаноците на Советот на општината се отворени за јавноста и постои можност за давање коментари и повратни информации за општинските уредби/прописи.

### Прирачник 4: Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција

| **Сектори (подсектори)** | **Главни предизвици за кои е потребна поддршка на бизнисот** |
|---|---|
| **Општо за сите сектори (хоризонтално)** | - потенцијални извори за финансирање<br>- постоечки деловни организации кои можат да им помогнат<br>- информации за национални или донаторски програми |
| **Поединечен сектор**<br>- **туризам**<br>- **преработувачка индустрија** | - промоција<br>- информации за национални или донаторски програми<br>- соработка со бизнис секторот за преквалификација на работна сила<br>- формирање на деловни организации кои можат да им помогнат (агенции, здруженија...) |

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| 1. Конкурентни пакети на производи (во преработувачката индустрија и туристичка понуда) | 1. Потенцијал на квалификувана работна сила , возрасна популација |
| 2. Мала општина со брзо и лесно достапни институции за бизнис заедницата | 2. Промоција, кординација и соработка со бизнис заедницата |

## 5.4 Пристап до финансии

Информациите за постоечките извори на финансирање за развој на бизнисот се ограничени и не секогаш веродостојни, особено во руралните области на општината. Стопанствениците очекуваат дека општината преку Одделението за ЛЕР ќе им достави список со сите можни можности за добивање на финансиски средства. На новите претприемачи особено им недостигаат информации за потенцијалните извори на финансирање, како и информации за постоечките деловни организации кои можат да им помогнат. Една од банките на територијата на општината има свои кредитни пакети за мали бизниси. Општината ги следи и ги промовира националните програми за самовработување, финансирањето за поддршка на индивидуални земјоделци и.т.н. Постои иницијатива во општината за поставување на посебен линк на ВЕБ страната на општината кој ќе ги опфаќа сите можни извори за финансирање на бизнисот, преку кредитни линии или грантови, ќе се промовираат националните програми за финансирање на бизнисот и како да се стигне до европските фондови.

Пристапот на фирмите до финансии од деловните банки е потежок во однос на фирмите кои имаат свои седишта во други поразвиени региони од државата, тука најголема улога има вредноста на капиталот, вредноста на обезбедувањето и финансискиот биланс, со овој проблем најмногу се соочуваат малите и микро бизнисите. Општината преку вработените во одделението за ЛЕР им помага на ваквите бизниси, доколку го побарат тие, во врска за пополнување на апликации, издавање на потврди и потребна документација од општината доколку им е потребна при аплицирање на национални, регионални и ИПАРД програми.

**Прирачник 5: Пристап до финансии**

| **Институција/донатор (вклучително банки и други кредитни институции)** | **Клиенти кои исполнуваат критериуми/корисници (за кого се наменети финансиските средства)** | **Економски сектор/активности** | **Минимална и максимална сума која е на располагање** | **Барања за обезбедување (хипотека, итн.)** |
|---|---|---|---|---|
| Деловни банки | - сите правни лица | - земјоделие<br>- туризам<br>- преработувачка индустрија | - кредитни линии | - вид на кредит на линија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ИПАРД 3 | - здружено правни лица<br>- земјоделци | - земјоделскиот, шумарскиот и прехранбениот сектор .<br>- управување со животната средина и со земјиштата<br>- рурална економија и квалитет на живот | - од 10 000 евра до 1 500 000 евра | - мониторинг ЕУ извештаи, табели |
| АВРСМ | - физички и правни лица | - сите економски сектори<br>- прифатливи бизнис планови, набавка на опрема репроматеријали | - во зависност од повикот | - извештаи |

| **СИЛНИ СТРАНИ** | **СЛАБИ СТРАНИ** |
|---|---|
| 1. Добри можности за финансирање | 1. Подготвеност на претпријатијата околу исполнување на условите за користење на финансиските сретства |
| 2. Транспарентност и отчетност | 2. Послаби финансиски резултати и проактивност на претпријатијата |

## 5.5 Земјиште и инфраструктура

Бидејќи тренд на развој на бизнисот е позитивен, побарувачката за работни простории, земјиште и инфраструктура се зголемува. Општината вложува многу напори да ги идентификува сите општински земјишта и згради и да пристапи до физичките услови во кои се наоѓаат. Одделението за ЛЕР и Одделениеот за урбанизам, просторно планирање и комунални дејности работат заедно. Побарувачката е главно за работен простор за мали компаниии од преработувачката индустрија и туристичкиот сектор. Општината има една индустриска зона Опаленик со осум парцели, достапни се уште две парцели и Парцелите може да бидат наменети за производство, дистрибуција и сервиси, или поточно за Лесна незагадувачка индустрија, услуги и магацини. Процентот на изграденост во рамките на една парцела е 40 до 60% и истиот го покажува процентот на градежното земјиште што може да бидат покриени со згради. Парцелата 1.1. е со површина од 18507м2 парцелата 1.2. е со површина од 14505м2. Наведените парцели беа предмет на изготвување на АУП за спојување, односно окрупнување, па така парцелиет 1.1. и 1.2. по овој основ се споени. Во индустриската зона работи тутунската компанија доо ,,Секе,,.

Во однос на побарувачката од туристичкиот сектор општината располага со една викенд зона околу Крушевското езеро во која опфаќа 41 викенд куќи и 3 парцели за мали хотели. Во општина Крушево има изградено модерно полетувалиште кое според многу испитувања нуди најдобри услови во Македонија, на Балканот па и пошироко за летање со

параглајдери и змејови.  Крушево во изминатите неколку години беше домаќин на бројни национални, меѓународни и светски натпревари во летање со параглајдери и змаеви. Пратењето на овие светски трендови во туризмот бараат посебно елаборирање, се со цел максимално искористување на природните погодности како и  зголемување на понудата за овој вид туристичка понуда, како крајна цел воведување на нови содржини за љубителите на адреналинскиот туризам и зголемување бројот на овој вид на туристи кои ќе престојуваат во Крушево. Посебно внимание се обрнува на развојот на активниот и авантуристички туризам и промоција на Крушево како дестинација за активен одмор.

Не е мал бројот на деловен простор (за канцеларии, ресторани, колонијал) кој е достапен главно во приватни згради, цените за користење не се многу високи и добро развиени микро бизнисите можат да ги покриваат месечните трошкови за оваа намена. Општината е сопственик на стара училишна зграда која е комплетно реновирана со десет канцелариски простории  (од 30 до 40 м2) погодни за ИТ секторот и граѓанскиот сектор.

**Прирачник 6: Земјиште и инфраструктура**

| **Искажани потреби на приватниот сектор според вид на инфраструктура** | **Потреба на компаниите од таква инфраструктура (никаква, мала, средна, голема)** | **Недвижност во јавна сопственост која би можело да се искористи** |
|---|---|---|
| Простории за заедничка работа (Co-work space) | - мала | - стара училишна зграда 10 простории |
| Канцелариски простории – (со или без споделена опрема) | - мала | - стара училишна зграда 10 простории |
| Бизнис инкубаторза новосоздадени микро  (< 10 вработени) и мали (10 – 49 вработени)претпријатија | - средна | - нема |

| | | |
|---|---|---|
| Бизнис акцелератор за поддршка на постоечки микро (< 10 вработени) и мали (10 – 49 вработени)претпријатија | - средна | - нема |
| Индустриски парк | - никаква | - нема |
| Научен/Технолошки парк | - никаква | - нема |
| Други видови на бизнис инфраструктура – индустриска зона | - средна | - две парцели |
| Туристичка инфраструктура | - средна | - три парцели за мини хотели |

| **СИЛНИ СТРАНИ** | **СЛАБИ СТРАНИ** |
|---|---|
| 1. Отвореност на општината за понатамошни инвестиции во инфраструктура | 1. Немање на соодветен инфраструктурен простор |
| 2. Обезбедување на правни и книговодствени услуги | 2. Нелегализирана и невпишана сопственост на општината |

## 5.6 Регулаторна и институционална рамка

Република Северна Македонија започна да го следи трендот за дигитализација на услугите за граѓаните и бизнис секторот.

Проблемот со процедурите во институциите е нешто кое постои одамна и сеуште не е решено, иако се прават напори овие процедури да се олеснат. Покрај тоа, недовербата која жителите, а особено приватниот бизнис сектор ја има во институциите, е нешто кое го актуелизира овој проблем и гради дополнителни бариери.

Најголемите поплаки и жалби кои ги имаа од приватниот сектор во овој дел, се сложените и бавни бирократски процеси, особено при издавањето на дозвола за градба. Покрај тоа, несоодветната координација помеѓу институциите каде треба да помине

целокупната документација е дополнителен проблем кој се јавува, а поради кој се одолговлекуваат самите процедури. Конкретен пример е законот за урбанистичко планирање, кој се коси со законот за градење, во делот на продажба на градежно земјиште врз основа на АУП, за што во моментов е покрената иницијатива за автентично толкување на законите од страна на неколку општини во РСМ. Ова се всушност и детектираните слаби страни во поглед на регулаторната и институционална рамка.

Во овој поглед, бизнис секторот сугерира на подобра координација со соодветните надлежни институции кои покрај општината се исто така инволвирани во процесот на издавање на дозволи. Покрај тоа, друг начина да се забрзаат овие постапки е промена на законот, што не зависи од локалните институции.

**Прирачник7: Регулаторна и институционална рамка**

| **Постоечки регулаторни предизвици** | **Големо/ мало негативно влијание** | **Главна јавна институција инволвирана** | **Опис на обем на локално решавање на проблемот** (детали) |
|---|---|---|---|
| Процедура за добивање на одобрение за градба | - големо | - одделение за урбанизам, кумунални работи и заштита на животна средина | - поедноставување на процедурата и регулативата – поголема ажурност на администрацијата |
| Непостоење на кординација помеѓу институциите | - мало | - локални и државни надлежни институции | - поголема кординација на локалните со државните институции – поголема ажурност на администрацијата |
| Обемна документација за водење и регистрација на бизнисите | - големо | - локални и државни надлежни институции | - намалување на обемот на документи<br>- електронско поднесување на документи |

## 5.7 Вештини, човечки ресурси, инклузивност

Развојот на работната сила е релативно нов концепт за општината. Образовниот систем не соодејствува на реалните потреби на бизнис секторот. Во последните 10 години некои од средните технички училишта се трансформираа во општи гимназии. Со развојот на туризмот во општината има голема побарувачка за келнери, готвачи, водичи со странски јазици, рецепционери итн. И преработувачката индустрија откуп и преработка на тутун, текстилната, производство на столарија, производство на композитни производи има голема побарувачка за квалификувана работна сила. Најголем дел од небработените се луѓе со ниско образование кои немаат соодветна квалификација за работа во туристичкиот сектор и преработувачката индустрија како најголеми побарувачи на работна сила. Луѓето кои се невработени повеќе од 2 години имаат изгубено секаква мотивација за нова квалификација и се многу пасивни во барањето нови можности за работа. Агнцијата за

вработување организираше обуки за преквалификација на активните баратели на работа, која не беше во координација со приватниот бизнис.Општината има организирано обуки за туристичките работници преку повеќе проекти за користење на искуства од други држави и туристички центри од државата за развој на туристичкиот сектор. Обуките ги вршат домашни и странски експерти, со оваа активност општината ќе продолжи и во наредниот период.

Не постои координација меѓу општината, бизнис заедницата, образовните и обучувачките институции. Некои бизниси иницираат обуки само за нивните потреби, но не заедно со други бизниси од истиот сектор.

**Прирачник 8: Вештини, човечки ресурси, инклузивност**

| Сектор (Според Прирачникот 1) | Моменталната состојба во однос на вештини(пр. мало или значително несовпаѓање на понудата и побарувачката – објаснете) | Проектирана идна состојба вештини (пр. мало или значително несовпаѓање на понудата и побарувачката – објаснете) | Можни полиња на делување |
|---|---|---|---|
| **Земјоделство 1,94%** | **- значителни - нрегистрирани голем број на индивидуални земјоделци** | **- значителни – регистрирање на поголем број на индивидуални земјоделци** | **- субвенции и грантови за регистрација на индивидуални земјоделци, користење на ИПАРД3** |
| **Преработувачка индустрија 7,78%** | **- значителни – недостаток на кфалификувана раб сила** | **- значителни – прекфалификација и доквалификација на раб.сила** | **- обуки за преквалификација и доквалификација на раб.сила<br>- средно стручно образование** |
| **Трговија 21,01%** | **- мал недостаток – микро бизниси, трговци поединци** | **- мал недостаток- отворање на мали претпријатија (маркети заради конкурентни цени)** | **- отворање на брендирани маркети<br>- соодветен простор во приватна сопственост** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Финансиски услуги 0,38%** | **- мал недостаток – мал број деловни банки поголем е бројот на осигурителни компании** | **- мал недостаток – зголемен број на деловни банки и финансиски друштва** | **- отворање на филијали на брендирани деловни банки<br>- соодветен простор во приватна сопственост** |
| **Медицински услуги 1,55%** | **- мал недостаток – стоматолошки и специјалистички услуги** | **- мал недостаток – зголемена понуда за стоматолошки и специјалистичи услуги** | **- проширување на дејноста на постоечките ПЗУ** |
| **Правни услуги (нотари, адвокати) 1,17%** | **- нема недостаток – доволен број на адвокати и нотари према бројот на населениоето** | **- нема недостаток – да се задржи моменталната понуда** | **- нема ( доволна е понудата)** |
| **Услуги за населението (фризерници, перални, поправка на автомобили, други сервиси, итн.) 3,11%** | **- мал недостаток – доволен број на бизниси фризерници, перални ,поправка на автомобили недостаток на електро сервиси, ТВ сервис, сервис за мобилни и компјутери (има но не се регистрирани)** | **- мал недостаток – зголемување на квалитетот на услугите, стимулација за легализирање и регистрирање на бизнисите** | **-субвенционирање на младите за отворање и зачувување на микро претпријатијата и субвенционорање на занаетчиите** |
| **Ресторани, кафулиња, барови итн. 8,17%** | **- несовпаѓање на понудата и побарувачката – 80 до 90% задоволување на потребите од овој сектор, потреба од соодветен и квалитет кадар** | **- несовпаѓање на понудата и побарувачката – преквалификација и доквалификација на потребен кадар, повисок стандард на постоечката работна сила** | **- повисок степен на соработка и кординација со СОУ Наум Наумовски – Борче со угостителските и туристичките насоки, организирање на обуки и курсеви за туристичките работници** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Хотели, хостели, приватно сместување итн. 28,4%** | **- значителни – недостаток на раб. сила и квалитетна понуда (келнери, кувари, туристички водачи....)** | **- значителни – превземање на сет мерки за стимулирање на младите за средните стручни училишта и високо образовните институции** | **- поголема и кординирана соработка со соодветни средни училишта и факултети, организирање на соодветни курсеви и обуки** |
| **ИТ услуги 0,39%** | **- мал недостаток – обучен кадар кој работи во други општини и надвор од државата, регистрирање на бизнисот** | **- мал недостаток – задржување на кадарот и стимулација за регистрирање на бизнисот** | **- создавање на услови за работа во општината на познати ИТ брендови кој нудат добри услуги, субвенционирање на младите кој нудат ИТ услуги.** |
| **Транспорт 9,33%** | **- мал до значителен – немање на кадар - неквалитетна понуда, слабо развиен патнички транспорт** | **- мал до значителен – повисок стандард на постоечкиот кадар и привлекување на соодветен кадар кој не работи во општината, вложување во квалитетна понуда, подобрување и проширување на патничкиот транспорт** | **- вложувања во кадарот и основните средства за работа за подобрување на квалитетот на понудата, одржување и зголемување на патничките линии** |
| **Градежништво 3,11%** | **- значителен – недостаток на работна сила и соодветен кадар, нерегистрирани бизниси** | **- значителен – зголемување на стандардот на работниците во овој сектор, превземање на мерки за легализирање на бизнисот** | **- окрупнување на бизнисот, субвенционирање на овој сектор во делот на работната сила** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Комуникациски услуги 1,94%** | **- мала до значителна – слаба конкуренција на пазарот, слаб интерес за развој на овој сектор од познатите брендови (нема сервиси, нема продажни салони...)** | **- мала до значителна – зголемување на понудата и кинкуренцијата, сет мерки за зголемување на интересот за инвестирање на познати брендови** | **- превземање на сет мерки за зголемување на понудата и побарувачката на комуникацислите ислуги** |

## 5.8 Надворешно позиционирање и маркетинг

Општина Крушево важи за атрактивно место за живеење, работа, посета и инвестирање во споредба со другите општини во истиот регион. Факторот локација е важен за проширување на постоечките бизниси и привлекување нови бизниси. Во последните години општинската администрација инвестираше многу пари за подобрување на физичката и природната средина и квалитетот на животот преку инфраструктурните проекти во градот и населените места (патишта, водоводи, канализации), уредување на полетувалиштето, изградба на пристапни патеки паркинг места и другите мали зелени површини во населбите се добро одржувани со многу игралишта. За љубителите на пешачењето и возењето на велосипед постојат потеки во должина од 40 км, вклучувајќи и патеки за екстремен велосипедизам.

Со понуда на нови алтернативни форми на туризам , формирањето на пешачки патеки и велосипедски патеки, како и збогатувањето на општинскиот културен календар, постепено се зголемува протокот на туристи од другите делови на државата и од странство. Одделението за ЛЕР е многу активно во промоција на општината како туристичка локација, учествувајќи на различни туристички промотивни настани.

Општината во континуитет води политика за промоција на локални производи организирајќи различни настани во општината и учество на други организирани на национално ниво. Општинскиот инвестициски водич за промоција на општината како атрактивно место за инвестирање е во фаза на изработка. Планирано е да се надгради општинската веб-страница за да има посебен дел „ Отпочни бизнис во Крушево“. Општината ќе организира форум за поврзување на компании, кој ќе им овозможи на потенцијалните инвеститори да се сретнат со постоечките бизниси за да разговараат за деловното опкружување и придобивките од водење бизнис во општина Крушево.

**Прирачник 9: Надворешно позиционирање и маркетинг**

| **Како општината е перцепцирана од страна на нејзините жители** | **Како општината е перцепцирана од страна на оние кои не живеат во неа (потенцијалните посетители/инвеститори)** |
|---|---|
| - добра и атрактивна локација | - добра и атрактивна локација |

| | |
|---|---|
| -богато историско и културно наследство | - евтина работна сила |
| -голема можност за развој на алтернативните форми на туризам | - добри услови за инвестирање во туризмт |
| -солидна кон добра инфраструктура | - добра понуда за алтернативни форми на туризам |
| - - слабо развиени бизнис сектори освен туризмот | - ниски даноци |
| - - намалување на бројот на жители - одселување на младите и голем морталитет | - воздушна бања |
| - - болна и долга транзиција | - возрасна квалификувана раб.сила |

| **СИЛНИ СТРАНИ** | **СЛАБИ СТРАНИ** |
|---|---|
| 1. Атрактивна препознатлива дестинација за сите четири годишни времина | 1. Старо население – висок морталитет, слаб наталитет, отселување на младите |
| 2. Развиени алтернативни форми на туризам, воздушна бања | 2. Слаба промоција и маркетинг |

# 6. SWOT Анализа

СВОТ анализа е метод на стратешко планирање, кој се користи за проценка на предностите, слабостите, можностите и заканите, вклучени во некој проект или бизнис потфат. Тоа вклучува одредување на целта на бизнис потфатот или проектот и идентификување на внатрешни или надворешни фактори, поволни или неповолни , за да се постигне целта.

| **Силни страни** | **Слаби Страни** |
|---|---|
| ▪ Природни убавини;<br>▪ Планинско езеро;<br>▪ Автентична архитектура;<br>▪ Еколошки чиста средина;<br>▪ Богата културно-историска понуда;<br>▪ Расположливост со сместувачки капацитети;<br>▪ Многу поволни климатски услови; | ▪ Недоволно развиена инфраструктура,<br>▪ Недостаток на високо и средно стручен кадар<br>▪ Недостаток за обучена работна сила<br>▪ Недостиг на информативна инфраструктура - ознаки и патокази ; |

| | |
|---|---|
| ▪ Сигурност, безбедност и гостопримливост;<br>▪ Богата понуда на манифестации и фестивали;<br>▪ Добра спортска инфраструктура<br>▪ Идеална ружа на ветрови погодна за параглајдеристи и змајари почетници, но и услови за одржување на бројни национални, европски и светси натпревари во овие дисциплини<br>▪ Изградена индустриска зона<br>▪ Достапни голем број на локални ракотворби;<br>▪ Мултиетничко место. | ▪ Недостаток на претприемачки вештини;<br>▪ Недостаток од организирани активности кои би можеле да се понудат на туристите;<br>▪ Недостаток од маркетинг;<br>▪ Недоволно ресурси за заштита на природните, културните и историските богатства;<br>▪ Проблеми со водоснабдувањето;<br>▪ Слабо – никакво здружување на бизнис заедницата |
| **Можности**<br>▪ Добра географска положба (највисок град на Балканот);<br>▪ Огромен потенцијал за развој на зимски и адреналински туризам;<br>▪ Подигање на свесноста на населението за развој на туризмот;<br>▪ Подигање на свесноста на населението за важноста на туризмот и органското производство и нивната улога во развојот на туризмот;<br>▪ Привлекување на странски инвестиции;<br>▪ Отварање на нови работни места и други големи бенефити што следат со развивање на туризмот;<br>▪ Поврзување со регионални манифестации;<br>▪ Пристап до програмите на АВРМ за самовработување и микро кредитирање<br>▪ Финансирање со Европски фондови. | **Закани**<br>▪ Потенцијална опасност културните и историските богатства да се оштетат,заради недоволн грижа и одржлива стратегија;<br>▪ Законска регулатива која дава недоволно ингеренции на општините<br>▪ Наталитет на населението<br>▪ Миграција на младите;<br>▪ Оддалеченост од главниот пат;<br>▪ Оддалеченост од аеродромите во државата.<br>▪ Климатките промени |

# 7. Визија и стратешки цели




***Препознатлива дестинација со разнообразна туристичка понуда преку цела година. Крушево да биде посакувано еколошко место за живеење, град на историја и култура, развиени мали бизниси и рурален развој.***

## *Стратешки цели:*




- ▶ СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1

  *Крушево – инфраструктурно изградена туристичка дестинација со развиен активен и културен туризам, препознатлив параглајдинг центар, со туристичка понуда прекиу цела година*

- ▶ СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2

  *Поддршка на земјоделството и руралниот развој*

- ▶ СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3

  *Подобрување на промоцијата на економските потенцијали на општината и јакнење на човечките ресурси*

# 8. Акциски план

Акцискиот план е најважниот дел од Планот за локален економски развој и ги претставува единствените тактики што општинските засегнати страни заеднички ги избираат со цел да ги постигнат поставените Цели.

За остварување на трите стратешки цели на општината, идентификувани се 26 активности, кои се групираат според следниве основни структурни елементи или таканаречени градежни блокови:

- Регулаторна и институционална рамка
- Вештини, човечки ресурси, инклузивност
- Надворешно позиционирање и маркетинг
- Пристап до финансии
- Земјиште и инфраструктура
- Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција
- Локална соработка и вмрежување

Понатаму, активностите се групираат според стратешките цели .

## Прирачник 12: Акциски план

| *Градежни блокови* | *Клучни (стратешки) цели* | *Активности/проектни идеи* | *Времетраење (почеток/крај)* | *Вклучени партнери* | *Предвидени трошоци* | *Резултати (директни (outputs))* | *Мониторинг индикатори* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ???? | 1. Крушево - инфраструктурно изградена туристичка дестинација со развиен активен и културен туризам, препознатлив параглајдинг центар, со туристичка понуда преку цела година | 1.1.Изградба на улици во викенд зона кај Крушевско езеро | 2024-2025 | Општина Крушево | 1 000 000,00 | Подобрување на инфраструктурата во Викенд зоната кај Крушевското Езеро. | Изградена 1,5 км патна и 1,8 км водоводна инфраструктура во Викенд зоната кај Крушевското Езеро. |
| | | 1.2 Реконструкција на дел од улица „Коча Миленку“ и дел од улица „Манчу Матак“ Крушево Л=889,45 метри | 2024-2025 | Општина Крушево, Министерство за транспорт и врски на РСМ,Проект на Светска Банка за поврзување на локални патишта и улици - LRCP | 21 607 384,00 | Подобрување на патната инфраструктура во Крушево, подобрување на условите за живот на локалното население и развој на туризмот | Изградена 200м патна инфраструктура подобрени условите за живот на 1100 жители, подобрена инфраструктура за 12 приватни сместувачки капацитети и 2 хотели. |
| | | 1.3. Реконстукција на пат од м.в. Порта до м.в Мечкин Камен и обезбедување на паркинг | 2024 | Општина Крушево, Влада на РСМ | 20 700 858,00 | Подобрување на патната инфраструктура за 1 параглајдинг полетувалиште и еден туристички локалитет во Општина Крушево и развој на активниот туризам | Изграден 2292 км пат, 50 паркинг места за автомобили и 3 места за автобуси, подобрена патна инфраструктура . |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.4. Изградба на обиколница во Крушево, 1ва фаза 762 м. | 2025-2026 | Општина Крушево, Министерство за транспорт и врски | 14 962 854,00 | Подобрување на патната инфраструктура кон скијачкиот центар Станич подобрен пристап до еден скијачки центар, четири сместувачки капацитети, еден ланг бар, еден адреналин парк и 1 брвнара и за 8 000 локално население и 1000-1200 постетители на ден | Изграден пат 762 метри |
| | | | | | | | |
| | | 1.5. Изградба на водоснабдителен систем за град Крушево со зафаќање на води од Бушева Планина во КО Сланско и КО Дреново Општина Македонски Брод и КО Белушино во Општина Крушево, фаза 1 | 2024-2025 | Општина Крушево, Средства од МЖСПП se на наменска сметка на општина Крушево врз основа на склучен договор | 9 000 000,00 | Подобрување на водоснабдувањето на град Крушево од гравитациони извори на вода | Изградени 10 каптажи за вода, поставени 15 км водоводна цефка, подобрено водоснабдување за 4104 локално население, 22000 туристи, |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.6. Реконструкција на дел од водоводна мрежа за водоснабдување во град Крушево со мониторинг систем | 2024-2025 | Општина Крушево Влада на РС Македонија од обезбедени средства од ТАВ врз основа на 4 стран дооговор | 16 200 000,00 | Промена на дел од секундарна и терцијарна мрежа во град Крушево со што се придонесе кон намалување и контрола на загубите во градот | Подобрено водоснабдување за 4104 локално население, 8000-10000 туристи, заштеда од загуба на вода за 46-50% |
| | | 1.7. Воспоставувањена downhill патека | 2024 | Општина Крушево (Програма за прекугранична соработка со Елбасан, Р. Албанија) | 1 660 500,00 | Развој на активниот туризам,прекуграничн а соработка помеѓу двете општини | Изградена една downhill патека во должина од 2км. |
| | | 1.8. Изградба на биатлон патека од манастир Св.Преображени кон Мусица во должина од 30км | 2025-2026 | Општина Крушево, Агенција за млади и спорт, | 36 900 000,00 | Развој на активниот туризам, збогатување на туристичката понуда | Изградена една патека за бијатлон во должина од 30км, користење на патеката на Скијачка Федерација на РСМ и преку 20 клубови од државата и надвор од неа |
| | | 1.9.Гасификација на Крушево ПРВА фаза | 2024-2027 | Општина Крушево, Влада на РСМ | 19 076 685,00 | Намалени трошоци за енергетските потреби на бизнисите, Зголемена профитабилност на локалните бизниси, Зголемена конкурентност на локалните производи и услуги, Намален буџет за трошоци на домаќинствата. | Изградена 43 км секундарна гасоводна мрежа, број на приклучени домаќинства и стопански субјекти |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Намалена емисија на загадувачки материи (S02, CO, C02, чад) Позиционирање на Крушево на мапата на еко туристички дестинации | |
| | | 1.10. Организирање на настани и обуки за искористување на фондови за развој на туризмот и ЈПП | 2024-2027 | Општина Крушево, консултанска куќа | 250 000,00 | Обучување на бизнис заедницата за искористување на ЕУ фондовите и за воспоставување на ЈПП | Број на обуки, број на обучени фирми и поединци за искористување на фондови и воспоставување на ЈПП |
| | | 1.11. Обука и сертифицирање на туристички водичи и Аниматори | 2024-2027 | Општина Крушево, Туристички агенции | 180 000,00 | Јакнење на човечките ресурси и добивање на квалификувана работна сила | Број на обуки, број на учесници, број на оние кои успешно ја завршиле обуката |
| | | 1.12. Организирање на дополнителна практична настава на туристичкиот кадар | 2024-2027 | Општина Крушево, СОУ Наум Наумовски Борче Крушево, хотели, ресторани, приватни сместувачки капацитети | 276 000,00 | Зголемување на знаењето и капацитетот на работна сила во сеторот туризам | Број на обуки, број на посетители на дополнителната практична настава |

# 9. Шема на финансирање

Финансиски средства ќе бидат потребни за реализација на поголемиот дел од предвидените активности. Нивното финансирање ќе биде нешто со средства од Општина Крушево, но поголемиот дел со средства од соодветни институции во државата, фондови од

странство, но и техничка помош од одредени организации. Крушево ја подготви планираната финансиска шема за овие активности, прикажана во табелата подолу:

**Прирачник 13: Шема на финансирање**

| **Активности** | **Предвидени трошоци (денари)** | **Извори на финансирање** | | | | | **Непокриени трошоци** | **Забелешки** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Национални програми** | **Локален буџет** | **Приватен сектор** | **Донатори** | **Други (наведете)** | | |
| 1.1. Изградба на улици во викенд зона кај Крушевско езеро | 1.000.000,00 | 800.000,00 | 200.000,00 | | | | | |
| 1.2 Реконструкција на дел од улица „Коча Миленку“ и дел од улица „Манчу Матак“ Крушево Л=889,45 | 21.607.384,00 | | | | 21.607.384,00 | | | Договор помеѓу општина Крушево и Министерство за транспорт и врски (заемопримач Светска банка краен корисник општина Крушево) |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| метри.2. Реконструкција на улица Коча Миленку (Тагас - Монатана) фаза 1 од 0 м до 200 м | | | | | | | | |
| 1.3. Реконстукција на пат од м.в. Порта до м.в Мечкин Камен (пат и паркинг) | 20.700.858,00 | 20.700.858,00 | | | | | | Влада на РСМ |
| 1.4. Изградба на обиколница во Крушево, 1ва фаза 600 м. и паркинг | 21.336.320,00 | 21.336.320,00 | | | | | | Влада на РСМ, МТВ |
| 1.5. Изградба на водоснабдителен систем за град Крушево со зафаќање на води од Бушева Планина во КО Сланско и | 9.000.000,00 | 9.000.000,00 | | | | | | Влада на РСМ, МЖСПП |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КО Дреново Општина Македонски Брод и КО Белушино во Општина Крушево, фаза 1 | | | | | | | | |
| 1.6. Реконструкција на дел од водоводна мрежа за водоснабдување во град Крушево со мониторинг систем | 16.200.000,00 | 16.200.000,00 | | | | | | Договор Влада на РСМ, ТАВ, општина Крушево |
| 1.7. Воспоставување на downhill патека | 1.660.500,00 | | | | 1.660.500,00 | | | IPA, CBC |
| 1.8. Изградба на биатлон патека од манастир Св.Преображени кон Мусица во должина од 30км | 36.900.000,00 | 36.900.000,00 | | | | | | Влада на РСМ, Агенција за млади и спорт |
| 1.9.Гасификација на Крушево ПРВА фаза | 19.076.685,00 | 19.076.685,00 | | | | | | Влада на РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.10. Организирање на настани и обуки за искористување на фондови за развој на туризмот и ЈПП | 250.000,00 | | 125.000,00 | | 125.000,00 | | | |
| 1.11. Обука и сертифицирање на туристички водичи и Аниматори | 180.000,00 | | 150.000,00 | 30.000,00 | | | | |
| 1.12. Организирање на дополнителна практична настава на туристичкиот кадар | 276.000,00 | | 138.000,00 | 138.000,00 | | | | |
| 2.1. Јакнење на човечките капацитети преку организирање на обуки за искористување на IPARD програми и други извори на | 400.000,00 | | 400.000,00 | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| финансирање на сопствени бизниси. | | | | | | | | |
| 2.2. Изработка на Урбанистички планови за населените места с.Јакреново, с.Врбоец, с.Св.Митрани, с.Пресил, с.Саждево, с.Алданци, с.Борино и с.Норово | 9.938.874,00 | 9.938.874,00 | | | | | | Влада на РСМ, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој |
| 2.3. Реконструкција на општински пат с. Врбоец - с. Св.Митрани, делница од административна граница со општина Кривогаштани до с. Св. Митрани, Општина Крушево Л= 3 190,70 метри, | 9.381.354,00 | 9.381.354,00 | | | | | | Влада на РСМ, Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.4.Реконструкција/ Изградба на улица во с. Саждево со краци, КО Саждево, Општина КрушевоЛ=937,49 метри | 6.313.615, 00 | 6.313.615 ,00 | | | | | | Влада на РСМ, Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој |
| 2.5.Реконструкција и доградба на локален пат од с.Саждево-с.Јакреново-с. Борино, Општина Крушево 2 – делница, Л=1 149,2 м. | 8.734.717, 00 | 8.734.717 ,00 | | | | | | Влада на РСМ, Министерство за транспорт и врски – проект ЛРЦП |
| 2.6. Изградба на вештачка акомулација Камберица | 14.000.000 ,00 | 14.000.00 0,00 | | | | | | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ИПАРД вондови |
| 2.7. Реконструкција на вештачка акомулација Борино 1 и 2 | 4.000 000,00 | 4.000.000 ,00 | | | | | | Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1.Изработка на веб страна за економска промоција на Општина Крушево | 344.400,00 | | 344.400, 00 | | | | | |
| 3.2. Изработка на мобилна апликација за туристичките вредности и капацитети во Општина Крушево | 922.500,00 | | 212.885, 00 | | 709.615, 00 | | | |
| 3.3. Настап на саеми | 1.845.000, 00 | | 1.537.50 0,00 | 307.500, 00 | | | | |
| 3.4. Промиција на индустриска зона Опаленик преку изработка на водич за инвестиции | 310 000,00 | | 310.000, 00 | | | | | |
| 3.5. Изработка на годишна програма за сите културно историски настани | 369.000,00 | | 369.000, 00 | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| со промотивен календар | | | | | | | | |
| 3.6. Организирање на информативни работилници за искористување на програмите за самовработување и поддршка на бизнисите од страна на АВРСМ, јакнење на партнерството со АВРСМ | 492.000,00 | 246.000,00 | 246.000,00 | | | | | |
| 3.7. Вмрежување и јакнење на соработката на бизнис заедницата од општина Крушево со бизнис заедницата од збратимени општини и партнерски организации, преку | 620.000,00 | | 620.000,00 | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| организирање на редовни средби | | | | | | | | |
| **Вкупно** | **205 85 9207,00** | **176 628 423,00** | **4 652 785,00** | **475 500,00** | **24 102 499,00** | | | |